# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025-2027 година

## СОДРЖИНА


ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ ..... 3

I. ВОВЕД ..... 4

II. ВИЗИЈА И МИСИЈА ..... 5

III. АНАЛИЗА НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА ..... 5

III.1. Правна рамка ..... 5

III.2. Ефективно и ефикасно функционирање на Судот ..... 9

III.3. Капацитет на Службата ..... 11

III.4. Транспарентност и отвореност на Судот ..... 12

III.5. Домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки ..... 16

III.6. Функционална и финансиска независност на Уставниот суд ..... 18

III.7. Услови за работа во Судот ..... 19

III.8. Соодветна и правична застапеност на сите заедници во рамките на Судот ..... 21

III.9. Анализа на внатрешни фактори (SWOT - Strengths, Weaknesses, Opportunities, and Threats) ..... 21

IV. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА УСТАВНИОТ СУД ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА ..... 23

V. ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ, РОКОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА И НОСИТЕЛИ ..... 24

V.1. Имплементација на Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија ..... 24

V.2. Ефективно и ефикасно функционирање на Уставниот суд ..... 26

V.3. Зајакнување на капациетот на Службата ..... 28

V.4. Унапредување на транспарентноста и отвореноста на Судот ..... 30

V.5. Домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки ..... 32

V.6. Функционална и финансиска независност на Уставниот суд ..... 33

V.7. Подобрување на условите за работа во Судот ..... 34

V.8. Унапредување на соодветната и правична застапеност на сите заедници во рамките на Службата ..... 36

VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ..... 37

VII. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ..... 38

## ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Почитувани,

При остварувањето на уставно-судската заштита, Уставниот суд обезбедувајќи ја супрематијата на Уставот настојува да придонесе во создавањето на единствен, кохерентен и конзистентен уставно-правен систем, особено преку почитувањето на уставните норми со кој се утврдени правилата на делување во едно демократско општество, на владеењето на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Уставната и законската контрола како облици на правното уредување на механизмот преку кој се обезбедува принципот на владеењето на правото претставуваат уставна основа за гаранција за дејствување на правниот механизам во заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Контролата на уставноста на законите кои ги носи законодавецот и контролата на уставноста и законитоста во донесувањето на конкретните акти и заштитата на основните човекови слободи и права, се формите преку кои се имплеметира надлежноста на Уставниот суд во заштита на уставноста и законитоста.

Со овој стратешки план, Уставниот суд цели да ги постигне неговите фундаментални надлежности, а тоа се да ја штити уставноста и законитоста и заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Како и претходниот стратешки план на Уставниот суд за 2022 – 2024 година, Уставниот суд со овој стратешки план има за цел да ја заштити и унапреди самостојноста и независноста на Уставниот суд со цел тој да го заземе местото и улогата на начин како што тоа го предвидува Уставот.

Уставниот суд ќе биде посветен во исполнувањето на сите стратешки цели што се предвидени со овој план и со развојот на капацитетот на Стручната служба и инфраструктурата ќе се обезбеди полесен и подобар пристап на граѓаните кон уставно-судска заштита, како и поголема транспарентност и отвореност кон јавноста, со што визијата за зголемена доверба на граѓаните во уставниот поредок би се претворила во реалност.

Верувам дека со правилно дефинирање на стратегиите за остварување на приоритетите и целите ќе ја подобриме ефективноста и ефикасноста во спроведување на надлежностите, уставните обврски и транспарентноста со што ќе се обезбеди целосно остварување на уставната улога на Судот и неговиот развој.

Претседател
на Уставниот суд на Република Северна Македонија,
д-р Дарко Костадиновски

## I. ВОВЕД

Во овој документ е содржана визијата и мисијата на Уставниот суд, направена е анализа на сегашната состојба, детално се изложени стратешките цели и приоритети на Уставниот суд за периодот од 2025 до 2027 година, програмите и активности за постигнување на стратешките цели и приоритети, роковите за реализација и носителите, финансиските средства за реализација на стратешките цели и приоритети и следење на неговата реализиција.

Правниот основ за донесување на стратешкиот план е предвиден во членот 15-а од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016, 151/2021, 203/2022, 76/2024) според кој, Уставниот суд како буџетски корисник обврзан е да изготви стратешки план во кој ќе бидат содржани програмите, активностите, целите и приоритетите на Уставниот суд.

Стратешки цели што се идентификувани како приоритетни цели за наредните три години се: имплементација на правната рамка за начинот на работа и постапката пред Уставниот суд; ефективно и ефикасно функционирање на Уставниот суд; зајакнување на капацитетот на Службата на Уставниот суд; транспарентност и отвореност на Судот; домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки; унапредување на функционална, финансиска независност и административна самостојност на Судот; инвестирање во условите за работа и унапредување на соодветната и правична застапеност на сите заедници во рамките на Службата.

Со стратешките цели и приоритети утврдени во овој Стратешки план ќе се унапреди работата на Уставниот суд, независноста, непристрасноста, интегритетот, професионалноста и квалитетот на одлучување на Уставниот суд.

Уставниот суд ќе биде посветен во исполнувањето на сите стратешки цели предвидени со овој план и периодично ќе врши евалуација над спроведувањето на стратешките цели на тригодишниот план, јакнење на капацитетите на Уставниот суд сѐ со цел да се обезбеди полесен и подобар пристап на граѓаните кон уставно-судска заштита, како и поголема транспарентност и отвореност кон јавноста.

## II. ВИЗИЈА И МИСИЈА

### Визија

Позиционирање и афирмирање како отворена, транспарентна и ажурна институција која применува строго почитување на Уставот. Со намера да ја оствари уставната улога на највисок орган кој гарантира уставност и законитост и заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот, Уставниот суд функционира согласно Уставот и меѓународните стандарди, со почитување на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), независно и без надворешни влијанија. Транспарентноста е императив во работењето на Уставниот суд, како демократска вредност преку која ќе се врати довербата на граѓаните во Судот и системот воопшто, а следствено на тоа Уставниот суд е перцепиран како бедем на правдата и граѓанските слободи и права. Уставниот суд на Република Северна Македонија настојува да биде пример на институција која со континуирано зајакнување на транспарентноста и доследно информирање ја зголемува својата довербата кај граѓаните.

### Мисија

Мисијата, визијата и вредностите на една институција се есенцијални бидејќи тие ја конструираат и детерминираат улогата и постоењето на Судот и истите претставуваат патоказ за спроведување на целите. Мисијата и визијата ја потврдуваат оправданоста од доверените функции во Уставниот суд, додека од друга страна ги вклучуваат и очекувањата на општеството и граѓаните од овој орган на Републиката кој работи според највисокиот правен акт - Уставот.

## III. АНАЛИЗА НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА

### III.1. Правна рамка

Според член 108 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, а преку неа го штити и владеењето на правото како една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката.

Надлежностите на Уставниот суд се утврдени во членот 110 од Уставот, според кој, Уставниот суд одлучува за: согласноста на законите со Уставот; согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите; ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста,

мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност; решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа; одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката; одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Со одлучувањето за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите, Уставниот суд ја остварува нормативната контрола на општите правни акти.

Во сферата на заштита на основните човекови слободи и права Уставниот суд има специфична и рестриктивна надлежност, односно ги штити само слободите и правата загарантирани со член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Положбата, составот, надлежноста и правното дејство на одлуките на Уставниот суд се посебно уредени со Уставот на Република Северна Македонија, а начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредени со Акт на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Овластувањето за донесувањето на овој акт е утврдено со членот 113 од Уставот, според кој начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредуваат со акт на Судот.

Начинот на работа и постапката пред Уставниот суд беа уредени со Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија кој беше донесен во 1992 година со три измени (во 2019, 2020 и 2021 година) и беше во сила 32 години.

Во мај 2024 година, Уставниот суд донесе нов акт на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024 од 31.05.2024 година), со кој се уредуваат прашања кои се однесуваат на начинот на работа на Уставниот суд, како што се функционалната и финансиската независност, административната самостојност, јавноста во работата, внатрешната организација, актите на Судот, нивното правно дејство и извршување, правата и должностите на претседателот на Судот и судиите кои произлегуваат од вршењето на

функцијата, како и постапките пред Судот преку кои се остваруваат неговите надлежности и други прашања во врска со начинот на работа и постапката пред Судот. Актот ќе се применува од 1 септември 2024 година.

Со Актот на Судот се воведени одредени новини:

- Како обележја на Судот, покрај печат, Уставниот суд има и лого во кој примарен симбол е отворена книга-визуелен приказ на Уставот;
- Во работата на Уставниот суд се обезбедува примена на јазиците и писмата согласно Уставот и закон;
- Своите надлежности Уставниот суд ги врши по претходно примен поднесок, кој со новиот акт, покрај тоа што може да се поднесе лично и преку пошта, може да се поднесе и електронски;
- Електронското поднесување на поднесоците се уредува со посебен акт на Судот;
- Предметите кои се оформуваат по примените поднесоци или кога Уставен суд постапува по службена должност имаат нови ознаки;
- Уставниот суд го следи остварувањето на уставноста, законитоста и слободите и правата на човекот и граѓанинот, Уставниот суд и по свое наоѓање може да усвои посебен извештај во кој ќе укаже на потребата за преземање мерки за нивно остварување и заштита и ќе го достави до надлежниот орган;
- Учесниците во постапката сами ги надоместуваат своите трошоци при што во постапката пред Уставниот суд не се плаќа такса;
- Рокови за постапување на Судот во однос на постапките за нормативната контрола на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите акти и прописи и за заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот;
- Рок за доставување на издвоено мислење до претседателот на Уставниот суд најдоцна 30 дена од денот кога е утврден текстот на одлуката, односно решението и истото се објавува во службеното гласило во кое се објавува одлуката, односно решението на Судот.
- На судиите им се издава легитимација чија форма и содржина на образецот на судската легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање, Уставниот суд ги пропишува со посебен акт;
- Во однос на финансиската независност на Уставниот суд, во Актот е уредено дека средствата за работа и функционирање на Судот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а при предлагањето и утврдувањето на максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години по буџетски корисници на централната власт и за фондовите, Министерството за финансии и Владата на Република Северна Македонија треба да извршат консултација со Судот за разделот кој се однесува на Судот;

- Со овој акт се уредува и постапката за утврдување на предлог-буџетското барање на Судот кое се доставува до Министерството за финансии на мислење. Врз основа на доставеното мислење и одржаните консултации, Судот утврдува конечен предлог на буџетско барање кое го доставува до Владата на Република Северна Македонија која го вградува конечниот предлог во Предлог-буџетот на Република Северна Македонија.

- Во однос на внатрешната организација и работа на Судот, покрај другото, Уставниот суд утврдува начелни мислења за прашања од значење за заштитата на уставноста, законитоста и слободите и правата утврдени во Уставот;

- Во Службата на Уставниот суд се воведува ново звање - помлад соработник;

- Вработените во Службата имаат статус на вработени во јавниот сектор. Определувањето на групата, подгрупата, категоријата и нивоата, како и шифрите на работните места во Службата согласно со прописите, се утврдуваат со посебен акт на Судот и ќе се вградат во Каталогот за работни места во јавниот сектор кој го води надлежното министерство.

- При вработувањето и унапредувањето во Службата, ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;

- Уставниот суд обезбедува услови за работа на својата библиотека и информатичкиот систем при што во предлог-буџетското барање на Судот задолжително се предвидуваат средства за работа на библиотеката и информатичкиот систем.

Во овој Стратешки план се предвидуваат активности за имплементација на правната рамка за начинот на работа и постапката пред Уставниот суд, дадени во делот IV - Програми и и активности.

Врз основа на Актот на Уставниот суд, Уставниот суд ги регулира внатрешните прашања преку донесување на интерни акти коишто му овозможуваат ефикасно функционирање. Интерните акти се објавуваат на веб-страната на Судот по нивното донесување.

Функционирањето на Судот се одвива врз основа на програма и распоред за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија, донесена врз основа на член 110 алинеја 1 од Актот на Судот. Почнувајќи од 2021 година, Уставниот суд секоја година носи програма и распоред за работа во која се утврдуваат целите коишто треба да ги оствари Уставниот суд во тековната година, а кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите коишто треба да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка за спроведување на истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

Покрај Програмата и распоред за работа на Уставниот суд за 2022, 2023 и 2024 година, Уставниот суд ги има донесено следниве интерни акти: Правилник за внатрешна организација на Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и изменување и дополнување на Правилникот (2022 год.); Правилник за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и изменување на Правилникот (2022 година); Правилник за плати на вработените во Стручната служба и измени на Правилникот (2022 година); Правилник за спроведување на приправнички испит; Правилник за работниот ред и дисциплина, дисциплинска и материјална одговорност на вработените во Стручната служба; Правилник за оценување на вработените во Стручната служба; Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема во Уставниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за превенирање, реакција и санирање на инциденти во Уставниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање на зачуваните лични податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Уставниот суд на Република Северна Македонија; Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци и План за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во Стратешкиот план е предвидена активноста за донесување на ново предвидените интерни акти, како и усогласување на постојните акти на Судот со новиот акт и донесување на други интерни акти на Судот (Етички кодекс на вработените, акт за употреба на службено возило итн.) што подетално ќе биде разработено во делот IV - Програми и активности од овој Стратешки план.

### III.2. Ефективно и ефикасно функционирање на Судот

Во Актот на Судот се уредени роковите во кои Судот има обврска да ја заврши претходната постапка по добиените иницијативи и барања за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот.

Нормативната контрола на уставноста на законите, односно на уставноста и законитоста на другите прописи и општи акти е доминантна во

работата на Уставниот суд. За оценка на уставноста и законитоста на нормативните акти, најдоцна во рок од седум дена од доделувањето на предметот во работа, судијата и советникот се должни да започнат да преземаат дејствија во претходната постапка, а најдоцна во рок од шест месеци од денот кога предметот е даден во работа, се поднесува реферат за седница, во спротивно Судот се известува за причините за пречекорување на рокот. Претседателот на Судот е должен доставените реферати да ги предложи за разгледување најдоцна во рок од 30 дена, а во спротивно на работен состанок ги известува судиите за причините за пречекорување на рокот.

Во однос на заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, во Актот на Уставниот суд покрај физичко лице, се воведува можноста и секое правно лице што смета дека му е повредена слобода или право утврдено во член 110 алинеја 3 од Уставот, да поднесе барање до Уставниот суд за нивна заштита. Воедно, се дава и можност, барањето за заштита на слободите и правата, во име и за сметка на друго лице да го поднесе и Народниот правобранител.

Барањето може да се поднесе откако ќе бидат исцрпени сите редовни и вонредни правни средства за заштита од поединечниот акт во рок од 60 дена од приемот на актот по кој се исцрпени правните средства, односно 60 дена од денот на дознавањето за преземање на дејствието, но не подоцна од една година од денот на преземањето.

Кога се работи за барање за заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, најдоцна во рок од 90 дена од денот кога предметот е даден во работа, се поднесува реферат за седница или Судот се известува за причините за пречекорување на рокот. Во рефератите, по правило се дава и приказ на праксата на Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП) што е од значење за предметот.

Уставниот суд согласно Актот и меѓународните стандарди, во своето работење ја користи и судската практика на ЕСЧП во постапката за решавање на барањата за заштита на слободите и правата, но при решавањето на предметите ја користи и праксата и на другите уставни судови коишто се дел од Форумот на Венецијанската комисија.

Во програма и распоред за работа на Уставниот суд, подетално се разработуваат и даваат анализи на статистички податоци во однос на број на одржани седници на Уставниот суд, број на оформени предмети, вкупен број на решени и нерешени предмети годишно, просечно времетраење на постапката пред Уставниот суд и дадени се цели, рокови и индикаторите за следење на активностите за остварување на оваа цел.

## III.3. Капацитет на Службата

Стручните и другите работи во Уставниот суд ги врши Службата на Уставниот суд, којашто ја сочинуваат: секретар, советници на Судот, самостојни советници, советници, стручни соработници, помлади соработници, административни и технички работници.

Со Службата раководи Генерален секретар.

Вработените во Службата имаат статус на вработени во јавниот сектор.

Определувањето на групата, подгрупата, категоријата и нивоата, како и шифрите на работните места во Службата согласно со прописите, се утврдуваат со посебен акт на Судот и ќе се вградат во Каталогот за работни места во јавниот сектор кој го води надлежното министерството.

Внатрешната организација, видовите и бројот на организационите единици и нивниот делокруг на работа, како и начинот на раководење со Стручната служба на Уставниот суд се уредени во Правилникот за внатрешна организација на Стручната служба во Уставниот суд, а вкупниот број на работните места во Службата на Уставниот суд, распоредот, називот на звања на работните места, описот на работните места по организациони единици, работните задачи и посебните услови потребни за извршување на работите и задачите за секое работно место, како и други прашања коишто се однесуваат на работниот однос на вработените, се уредени во Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба.

Службата на Уставниот суд во 2024 година има 52 вработени, од кои: секретар на Судот; 16 советници на Судот од кои: 11 (единаесет) советници на Судот за стручно-аналитичка работа, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии; 8 (осум) самостојни советници, од кои: 3 (тројца) за стручно-аналитички работи, 3 (тројца) преведувачи, 1 (еден) лектор и 1 (еден) координатор на Одделението за финансиски прашања; 3 (тројца) советници од кои: 1 (еден) советник за протоколарни работи, 1 (еден) советник за евиденција, документација и уставно-судска практика и 1 (еден) советник за финансиски прашања и јавни набавки; 2 (двајца) стручни соработници; 13 (тринаесет) административни работници и 9 (девет) технички работници.

Врз основа на анализата на постоечката организациона структура на Судот, може да се заклучи дека работните места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, не се целосно пополнети.

Со цел зајакнување на капацитетите со човечките ресурси преку нови вработувања, распоредувања и унапредувања, согласно Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба во Уставниот суд, како и Годишниот план за вработување и унапредување во Стручната служба за тековната година, со овој стратешки план ќе бидат предвидени одредени мерки и активности дадени во делот V. Програми и активности за остварување на стратешките цели и приоритети од овој документ.

Согласно Правилникот за оценување на вработените во Стручната служба, во Уставниот суд е воспоставен систем за оценување на вработените во Стручната служба коешто се спроведува со помош на поднесување на месечен извештај за извршените работи коишто вработените го доставуваат до Генералниот секретар на Судот. Оценувањето на работата на вработените во Уставниот суд се врши со цел унапредување на работниот процес, мерење на ефектот на вработениот и преземање мерки за подобрување на истиот, како и можност за унапредување во Службата. Оценувањето се врши на начин што се следи стручноста, квалитетот, ефикасноста и ефективноста во извршувањето на работните задачи и остварувањето на поставените работни цели. Оценување на вработените во Стручната служба е извршено за 2021, 2022 и 2023 година.

### III.4. Транспарентност и отвореност на Судот

Транспарентноста и пристапот на јавноста до работењето на институциите се фундаменталните постулати и клучни претпоставки за негување на демократските вредности. Отвореноста на Уставниот суд и активната транспарентност ќе придонесат за долгорочно зголемување на довербата на граѓаните во правната држава, бидејќи Уставниот суд е чувар на Уставот, следствено на тоа заштитник на нивните права и слободи, а пред сѐ контролор на уставноста и законитоста. Применувањето на искрен и отворен пристап во работењето со намера да се прикажат најдобрите практики во примена на уставните надлежности, но и аномалиите на кои треба да се посвети дополнителна работа за да Судот ја афирмира благосостојбата и уставниот поредок во државата како свој приоритет.

Преку отвореноста и достапните информации граѓаните ќе имаат увид во текот на сите фази од постапките, а на тој начин ќе се создаде чувство

дека Уставниот суд е институција за граѓаните и нивните права и негува култура на објективно информирање.

Уставниот суд во своето работење преку јавните и отворени седници, но и со редовно информирање на граѓаните за своите активности ги почитува и домашните и меѓународните начела на транспарентноста.

Уставот како највисок правен акт го афирмира правото на слободата на говорот и слободниот пристап до информации, преку членот 16 ставовите 2 и 3.

Деловникот ги уредува начинот на работа и постапката пред Уставниот суд и содржи посебна глава наменета за јавноста во Судот во која се предвидени должностите за информирање на граѓаните преку средствата за јавно информирање, поканите на експерти и странките во постапките да учествуваат на подготвителна седница, обврската за издавање на Билтен и Збирка на одлуки како трајни извори за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови.

Од 2003 година јавноста се информира за работењето и одлучувањето на Уставниот суд преку официјалната Интернет страница[1] на Судот. Веб-страницата на Уставниот суд содржи релевантни и лесно достапни информации кои се однесуваат на содржината на правните акти, односно Уставот и Деловникот, историјатот на институцијата, положбата, внатрешната организација, податоци за актуелниот состав на судиите, поранешните судии на Уставниот суд, јавните набавки, транспарентноста, информации за меѓународната соработка на Судот. Значаен елемент кој придонесува за зголемување на отвореноста на информациите е базата на податоци која ја содржи целокупната судска практика на Уставниот суд. Тоа значи дека секое заинтересирано лице има пристап до сите одлуки и решенија на Судот. Целата судска практика е достапна на македонски јазик, додека на англиски јазик се инкорпорирани кратки резимеа од најзначаните одлуки и решенија.

Работата на Уставниот суд е јавна, седниците се отворени за јавноста и Судот во континуитет известува за одлучувањата после секоја седница.

Од декември 2021 година за комуникацијата со јавноста, уредувањето и објавите на веб-страницата е задолжена Христина Беловска, портпарол и Советник на Судот за односи со јавност. Оттогаш функционира и

---

[1] http://ustavensud.mk/

службениот Фејсбук профил на Уставниот суд, кадешто редовно се известува за сите активности на Судот.

Најавите за дневниот ред се објавуваат на интернет страницата една недела пред да се одржи седница. Уставниот суд испраќа мејл-потсетник до медиумите еден ден одржување на седницата и се објавува пост со најава на дневен ред на официјалната Фејсбук страница на Уставниот суд. По завршувањето на седницата, се објавува соопштение по одржаната седница со што јавноста е запознената со начинот на одлучување на Судот по предметите разгледувани на седницата и исто така се објавува неделен преглед на примени иницијативи по кои се оформени предмети, што е од огромно значење за подносителите на иницијативите или барањата за заштита на слободи и права, како и за сите заинтересирани граѓани на Република Северна Македонија.

**Спроведени активности**

Со донесување на Стратешкиот план во 2022 година, Уставниот суд ја постави транспарентноста на ниво на стратешки приоритет. Беа предвидени активности за зголемување на транспарентноста и поголема достапност на информациите преку спроведување на три програми.

Согласно предвидените програми на транспарентноста како стратешки приоритет, а земајќи го во предвид финансискиот фактор и економската криза во државата во последните три години што упатуваше на заклучок дека нема доволно средства за ангажирање на агенции, Уставниот суд со своите кадровски капацитети раковоени од портпаролот на Судот, во период од шест месеци во 2023 година и како дополнување во јануари 2024 и спроведе анонимни анкети на 90 новинари (вработени во медиуми и фриленсери) како репрезентативна бројка на медиумски претставници кои известуваат/ја следат или се информираат за работата на Судот и беа заинтересирани да учествуваат.

Примероците од прашалникот се преведувани на македонски и на албански јазик.

Заклучоците се засновани на комбинација од квалитативно и квантитативно истражување и примена на различни методолошки алатки. Имено, со анкетираните беше споделен прашалник со структурирани теми за комуникациските алатки кои ги практикува Судот, рангирање на ажурноста на објавување и информирање, отвореност и достапност на седниците, податоците, потреби за организирање на обуки на новинари и оценување на ПР службата.

Анкетата е спроведена со комбиниран метод-теренски и онлајн, при што од страна на портпаролот и уште тројца советници беа посетени 10 редакции (МТВ, МИА, Канал5, Алсат, ТВ21, ТВ24, Слободен Печат, Мета, ПорталБ, Вистинометар) пред кои беше презентирана идејата за нивниот придонес и учество во креирањето на стратешкото комуницирање на судот, кое е прилагодено на нивните потреби за полесно разбирање и пренесување на информациите. Дополнително во текот на посетите во медиумите новинарите даваа нивни мислења и предлози, во форма на мини-интервјуа, со прашања и теми кои не беа дел од анкетата.

Во текот на 2022 година Портпаролот на Судот спроведе анонимни анкети помеѓу 28 вработени во Уставниот суд (служба) со цел да се добие сликата за нивото на перцепирање на транспарентноста, нивната волја и подготвеност за унапредување. Следната година, бројот на анкетирани во Уставниот суд е проширен со новите вработени. Дополнително со дел од нив се правени интервјуа со препораки за унапредување на транспарентноста.

Согласно предвидените активности во оваа прва програма во која претежно преовладува аналитичкиот аспект, побарано е советодавно мислење од тројца експерти од областа, д-р Тодор Стојчевски (ко-сопственик на ПР агенција), м-р Златко Симоновски (проектен офицер во ИФЕС) и Тони Ангеловски (портпарол на институција).

Во текот на 2023 и 2024 година се извршени активности коишто беа предвидени со втората програма „управување со комуникациите". Имено, со користење на одговорите од анкетираната јавност (новинари и вработени) советникот за односи со јавност на Судот изготви комуникациска стратегија.

Дополнително е направен посебен комуникациски план во кој е опфатено и брендирањето на Уставниот суд со свој визуелен идентитет, односно изготвување на лого. Во овој комуникациски план дел од активностите се заеднички со Мисијата на ОБСЕ која соработуваше во организирање и поддржување на одредени активности поврзани со 60 годишниот јубилеј на Уставниот суд.

Дел од активностите преземени врз основа на овој комуникациски план се:

- изработка и промоција на поштенска марка која го означува почетокот на промоцијата на 60 години уставно судство (15 февруари 2024)
- брифинг на којшто новинарите беа запознати со значењето на јубилејот на Уставниот суд
- изработено ново лого на Уставниот суд

- консултации за изработка на нова веб-страна (надградена и модернизирана верзија на постоечката)
- изготвување на комуникациска стратегија на Судот
- склучување на Меморандуми за соработка
- организирање на обуки и тренинзи за советници на Судот со ОБСЕ (слобода на јавно изразување на мислата (член 16 од Уставот); заштита од дискриминиција врз основа на политичко уверување, заштита од дискриминиција врз основа на општествена положба и заштита од дискриминација врз основа на пол (член 9 од Уставот).

Со комуникациската стратегија се опфатени активности со кои Судот ќе го одржува стандардот за транспарентно и активно информирање, отвореност постојано унапредување на односите со целните јавности.

Во рамки на втората програма „управување со комуникациите", предвидени се документи коишто ќе произлезат од комуникациската стратегија. Дел од нив се изработени, а останатите ќе бидат изготвени во тековниот период на спроведување на стратешкиот план.

Во комуникациската стратегија е направена SWOT анализа која ја прикажува моменталната состојба во Уставниот суд од аспект на силни страни, слабости, закани и можности за комуникација.

Во комуникациската стратегија се опфатени активности кои треба да поттикнат развивање на свеста за поголема транспарентност и отвореност кај вработените и судиите во Уставниот суд. Ќе бидат спроведени во текот на важењето на овој стратешки план.

Во овој стратешки план Судот нема детално да ги разработува активностите за комуницирање со јавноста со оглед дека тие се дел од комуникациската стратегија која ќе биде усвоена како посебен документ.

## III.5. Домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки

Уставниот суд во периодот опфатен со овој стратешки план ќе склучи меморандуми за соработка со правните факултети на универитетите во нашата држава, здруженијата на правници, други академии и здруженија со цел за размена на знаење и искуства, јакнење на капацитетот на Судот и подобрување на меѓуинституционалната соработка.

Во остварувањето на своите функции, Уставниот суд соработува со уставните судови на други држави по прашања од интерес за нормативна уставно-судска контрола, заштита на слободите и правата на човекот и

граѓанинот и унапредувањето на уставно-судската практика. Во остварувањето на оваа соработка, Судот активно учествува на бројни меѓународни и регионални конференции од сферата на уставното право.

Уставниот суд од мај 1999 година, е полноправен член на Конференцијата на европските уставни судови и во рамките на оваа Конференција Судот полноправно и на рамноправна основа учествува во расправата за прашања коишто се однесуваат на уставното судство и уставната јуриспруденција на европско ниво. Во 2021 година, Уставниот суд повторно го активираше членството во Асоцијацијата на франкофонски уставни судови (ACCF).

Во април 2007 година, Уставниот суд на Република Македонија со Уставниот суд на Република Турција склучи Меморандум за разбирање и меѓусебна соработка во рамките на кој беше остварена размена на делегации, а во мај 2022 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија со Уставниот суд на Република Бугарија, склучи Меморандум за соработка со цел унапредување на билатералната соработка и размена на искуства во однос на уставно-судската практика и зајакнување на институционалните капацитети преку соодветна правна рамка.

Во 2023 година е потпишан Меморандум за разбирање и основање на Балкански форум на уставни судови заедно со претседателите на уставните судови на Бугарија, Албанија, Црна Гора, Косово и Турција. Балканскиот форум на уставни судови е основан за да помогне во развивање меѓусебен дијалог, споделување уставна практика, градење капацитети и професионален развој на судиите и стручните служби во областа на уставно право, подигнување на нивото на комуникација на уставните судови со јавноста.

Во 2024 година Уставниот суд и Мисијата на ОБСЕ во Скопје склучија Меморандум за разбирање со кој се овозможува промоција и унапредување на принципите на владеењето на правото и основните права и слободи на граѓаните. Мисијата на ОБСЕ се приклучи кон славењето на 60-годишниот јубилеј на Уставниот суд кој се одбележа на 15 март 2024 година и по тој повод беа изработени: Монографија, новото лого на Уставниот суд и поштенска марка.

Во соработка со ОБСЕ во текот на 2023 година беа организирани обуки за унапредување на вештините на советниците на Судот од областа на заштитата на човековите слободи и права.

Во ноември 2023 година Уставниот суд беше домаќин на Регионална конференција на тема „Уставна жалба во Република Северна Македонија-

придобивки и потреба од воведување“. На оваа конференција што Судот ја организираше со поддршка на германската фондација ИРЗ се промовираше важноста од воведување на уставната жалба во Република Северна Македонија и беа ангажирани експерти за изработка на студија за уставна жалба во Република Северна Македонија.

По повод одбележување на годишнините од основањето на Уставниот суд (40, 50 и 60 години) беа одржани следните меѓународни конференции на тема: “Уставносудска заштита: сегашност и перспективи”, „Современите предизвици на уставното судство: Принципот на поделба на власа и неговата заштита од страна на Уставниот суд и Оценка на уставноста и законитоста на подзаконските акти“ и „Уставно-судска заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата“.

Уставниот суд на Република Северна Македонија на 15 март 2024 година одбележа 60 години од функционирањето на Уставниот суд и по тој повод, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, се одржа Меѓународна конференција на тема „Уставно-судска заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата“. На овој настан присуствуваа околу 130 домашни гости и гости од европскиот регион, при што свое обраќање имаа 25 говорници кои ги изразија своите ставови и согледувања за важноста и улогата на Уставниот суд, како и претставници на уставните судови и меѓународните институции кои презентираа и дискутираа за искуствата, методите и доктрините на темата на конференцијата, како и претставници на медиумите и невладиниот сектор.

## III.6. Функционална и финансиска независност на Уставниот суд

Секоја година Уставниот суд на Република Северна Македонија го планира буџетот во согласност со Законот за буџетите што вклучува подготовка на износот на расходите како и подготовка на нацрт-буџет секоја фискална година. Правилното буџетско планирање во функција на остварувањето на целите на Уставниот суд на Република Северна Македонија, претставува цел којашто Судот треба да ја оствари во наредниот период во текот на спроведувањето на стратегијата. Уставниот суд континуирано комуницира и соработува со надлежните државни институции во процесот на планирање на буџетот при што финансирањето на работата на Уставниот суд целосно се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија.

Секоја година Судот изготвува завршна сметка за претходната година, преку кој се следат расходите на Судот во однос на обезбедување сите процеси на планирање и извршување на расходите да бидат во

согласност со буџетското планирање и важечките прописи за трошење на буџетските средства.

Со Буџетот на Република Северна Македонија за функционирање на Судот во 2023 година во Годишниот план беа предвидени средства во висина од 57.923.040,00 денари. Од годишниот план за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија беа реализирани 56.237.356,00 денари, со тоа реализацијата на годишниот план за 2023 изнесува 97,09%. Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за Уставниот суд се предвидени средства во висина од 74.384.000,00 денари, а одобрениот буџет за Уставниот суд заклучно со месец Јуни 2024 година изнесува 36.480.891,00 денари, при што реализацијата на средствата изнесува 34.164,768,00 денари.

Со цел почитување на одредбите од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, Уставниот суд на Република Северна Македонија како буџетски корисник во рамките на своето работење ќе основа внатрешно организациона единица за внатрешна ревизија и ќе вработи соодветен број на извршители за работното место – внатрешен ревизор.

## III.7. Услови за работа во Судот

Зградата во која се наоѓа Уставниот суд не е адекватна за нормално и соодветно функционирање на Уставниот суд, пред сѐ од аспект што во зградата се сместени и други две институции, нема пристапен паркинг простор и не располага со доволно канцелариски простор и мебел.

Уставниот суд располага со Библиотека на Судот, чиј фонд опфаќа над 1188 книги од домашни и странски автори од областа на уставното, кривичното, граѓанското, трудово право и од други гранки на правото, стручни списанија издадени од домашни и стански издавачи, конференциски материјали и годишните збирки на одлуки и решенија на Уставниот суд. Судот ќе вработи еден извршител – библиотекар кој изработува годишен план за набавка на библиотечен фонд, врши евиденција, категоризација и класификација на библиотечниот фонд и меѓудругото ги следи новите изданија на стручна литература (книги, списанија, публикации и сл.). Фондот на библиотеката има потреба постојано да се зголемува, а просторот во кој е сместена библиотеката на Судот е несоодветна за таа намена.

Во текот на 2022 година во Судот, целосно беше опремена сервер салата на Судот со противпожарна врата и противпожарна инсталација со дојава за пожар и беше инсталиран систем за климатизација со соодветни клима-уреди со што салата ги исполнува основните барања за

заштита на ваков вид на простории. По однос на хардверската опрема во сервер салата, беа набавени два нови сервери и УПС уред со што Судот се здоби со одлични услови за работа во овој дел кои се значаен исчекор, ако се има предвид дека во овој дел опремата беше постара од десет години и технички застарена.

Покрај тоа, беше набавена и инсталирана целосно нова телефонска централа која овозможува поголем број на корисници да бидат дел од внатрешната мрежа.

Согласно законските одредби кои се однесуваат на работата со класифицирани податоци, беа извршени градежни работи за адаптација на посебна просторија за ваков вид на податоци. Просторијата беше опремена со посебна врата предвидена за ваков вид простории, беше инсталиран систем за контрола за пристап и алармен систем и камера. Исто така, беше набавен сеф за чување на класифицираните податоци кој е поставен во оваа просторија.

Врз основа на барањето на Министерството за внатрешни работи за зголемување на безбедноста на објектот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, беше набавена и инсталирана метал-детектор врата на влезот во Судот.

Уставниот суд, за потребите на Судот има на располагање и свое возило од марката Шкода Октавиа, но се јавува потреба од уште возила за извршување на секојдневните потреби на Судот.

За унапредување и подобрување на условите за работа на Уставниот суд, во овој документ се предвидени одредени активности кои се дадени во делот V. Програми и активности за остварување на стратешките цели и приоритети.

**Информатичко-техничка инфраструктура на Судот.**

Во однос на информатичката опрема и дигитализација на работата на Судот, потребно е да се напомене дека Уставниот суд во моментот располага со неопходните технички услови за остварување на своите уставни надлежности.

Секое работно место во Уставниот суд е опремено со персонален компјутер (куќиште и монитор), печатар, работна маса со фиокар, столица со тркалца и плакари во кои се чуваат канцелариските материјали (предмети и други документи).

На повеќето компјутери претежно е инсталиран оперативниот систем Microsoft Windows 10 и 11. Покрај вообичаената употреба на Microsoft Office алатките: Word, Exel, Power Point, се користат и апликациите на IBM Lotus Notes 8.5.4, како што се: уставно-судска постапка, уставно-судска пракса, деловодник, библиотека, маил база, финансиско и материјално работење и архивско работење и постапка.

Сите овие погоре наведени бази и апликации, како и внатрешната база на сите податоци споделена мрежно до сите вработени, се сместени на два сервери кои работат на Linux и Windows оперативен систем кои се од 2022 година. Во работа се и старите сервери коишто работат на Linux, на кои е поставена и платформата на веб-страната на Судот во двојазична верзија (македонски и англиски).

Воедно, се наметнува потреба од подобрување на постоечката или изработка на нова веб-страна со што би се подобриле алатките за пребарувањето низ страната, особено во делот на донесените одлуки и решенија, како и подобрување во пребарувањето со што би им се овозможило на граѓаните кои поднеле иницијатива до Уставниот суд да имаат информација за движењето на нивниот предмет.

## III.8. Соодветна и правична застапеност на сите заедници во рамките на Судот

Со цел спроведување и почитување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, Уставниот суд во 2021 година распиша два јавни огласи на кои беа вработени 3 (тројца) Албанци, 2 (двајца) Турци и 1 (еден) Бошњак, во 2022 година Уставниот суд распиша два јавни огласи на кои беа вработени 2 (двајца) албанци, во текот на 2023 година беше распишан јавен оглас на кој беше вработен еден албанец и во 2024 година беше распишан еден јавен оглас на кој беа вработени и двајца албанци.

Во Уставниот суд од вкупниот број на вработени (52), 41 (78,85%) се Македонци и 11 (21,15 %) се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, и тоа: 8 (осум) (15,38%) Албанци, 2 (двајца) (3,85%) Турци и еден Бошњак (1,92%).

## III.9. Анализа на внатрешни фактори (SWOT - Strengths, Weaknesses, Opportunities, and Threats)

SWOT анализата на Уставниот суд ги лоцира силните/слабите страни како и можностите и заканите во работењето и упатува на тоа што треба да биде земено во предвид и на што треба да се фокусира стратегијата за развој на институцијата. Предностите и слабостите ги рефлектираат

внатрешните капацитети и се она што спаѓа во делокругот на работење на Службата и на судиите, опфаќа капацитети, ресурси начинот на работа и организација.

Можностите и заканите произлегуваат од законската рамка, надворешните чинители во општеството, соработката и се она што може да се смета за надворешно влијание врз Уставниот суд, а е надвор од неговата моќ.

| Предности (силни страни) | Слабости (слаби страни) |
|---|---|
| - не постои друга институција над Уставниот суд во државата која ги оценува одлуките или решенијата<br>- учество и членство во меѓународни организации<br>- посветеност на вработените за квалитетно и навремено извршување на задачите<br>- вработено портпарол и советник за односи со јавност за комуникација со јавноста и медиумите<br>- вработен информатичар за брзо надминување на техничките проблеми<br>- можност за менување на интерни акти, работење и организација | - финансиска зависност<br>-недостаток на човечки ресурси во одделни сектори<br>-нефункционално просторно опремување<br>-ограничени надлежности за одлучување по барањата само по членот 110 алинеја 3 од уставот<br>- недоволен број на потребни обуки за надградување на вработените |
| Можности<br><br>- олеснување на процедурите за поднесувања на иницијативи и барања по електронски пат<br>- зајакнување на соработката преку иницијативи со медиумите, НВО, други организации и судови од други држави | Опасности (закани)<br><br>-отежнати постапки за вработување<br>-несоодветни плати на Службата<br>- евентуални проблеми со електронско поднесување на иницијативи<br>- недоволен буџет за реализација на стратешките цели |

## IV. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА УСТАВНИОТ СУД ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА

Стратегијата на Уставниот суд за наредните три години има за цел да се насочи на осум главни цели:

1) имплементација на правната рамка за начинот на работа и постапката пред Уставниот суд
2) ефективно и ефикасно функционирање на Уставниот суд;
3) зајакнување на капацитетот на Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија
4) транспарентност и отвореност на Судот;
5) домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки;
6) функционална и финансиска независност, зголемување на Буџетот на Судот;
7) инвестирање во условите за работа;
8) унапредување на соодветната и правична застапеност на сите заедници во рамките на Службата.

За секоја цел во понатамошниот текст од овој документ ќе бидат утврдени специфични програми и активности за остварување на стратешките цели и приоритети, роковите за нивна реализација и носителите на активностите.

Со преземањето на сите мерки и активности предвидени со овој стратешки документ за реализација на стратешките активности ќе се овозможи:

- преку имплементацијата на правната рамка за начинот на работа и постапката пред Уставниот суд со која се уредуваат прашањата што се однесуваат на Уставниот суд ќе се овозможи донесување на нови правни правила или ќе се изменат постојните со цел да се унапреди организацијата, работењето, статусот на судиите, административна и финансиска независност на Судот.

- со преземањето на мерките и активностите за постигнување на поголема ефикасност и ефективност во работата на Судот, ќе се овозможи навремено и ефективно постапување по предметите во кои се одлучува за прашањата од надлежност на Судот со што би се зголемил и квалитетот на одлуките и решенијата што ги носи Уставниот суд. Имено, за навремено и ефективно постапување по предметите, потребно е решенијата и одлуките да се носат во роковите коишто се утврдени со Актот на Судот, доследната примена на Уставот, законите, уставно-судската практика на Судот, збогатување на примената на меѓународната судска практика

претставуваат суштински елементи за квалитетни одлуки и решенија на Судот.

- со унапредување на транспарентноста и отвореноста на Судот се очекува зајакнување на довербата на граѓаните во Уставниот суд преку подигнување на нивото на интерес за информирање за заштитата на нивните лични права и за прашања од интерес на државата. Поголемиот интерес од страна на граѓаните иницира поголема ангажираност на Уставниот суд за проактивно и отворено информирање поврзано со работењето на Судот. На овој начин се гради позитивен имиџ на Уставниот суд, граѓаните и медиумите добиваат точни и навремени информации и се спроведува квантитативна и квалитативна борба против лажните вести за Уставниот суд преку редовното и темелно информирање.

- со зголемувањето на домашната и меѓународната соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки преку одржување на конференции, конгреси, тркалезни маси и други настани, Уставниот суд ќе го даде својот придонес за зајакнување на принципот на владеење на правото и демократијата и унапредувањето на уставно-судска заштита на слободите и правата. Воедно, со доедукација и размена на искуства за прашања од уставно-судска надлежност преку спроведување на обуки и семинари, ќе се постигне поголем квалитет на одлуките преку размената на искуства за прашања од уставно-судска надлежност.

- со зголемување на Буџетот на Уставниот суд ќе се обезбеди ефикасно и ефективно работење на Судот. Буџетот ќе се користи секогаш квалитетно и економично заради остварување на функцијата на Судот

- подобрување на просторните и административните услови за работа, како и ИТ инфраструктурата на Судот и

- унапредување на соодветната и правична застапеност на сите заедници преку зајакнување на капацитетите со човечки ресурси преку нови вработувања.

## V. ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ, РОКОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА И НОСИТЕЛИ

### V.1. Имплементација на Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

**1.** Донесување на интерни акти предвидени со Актот на Судот;

- Интерен акт за електронско поднесување на поднесоците

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

- Интерен акт за судска легитимација, форма и содржина на образецот за судската легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

**2.** Усогласување на постојните интерни акти на Судот со Актот на Судот;

| Рок | Носители |
|---|---|
| Првото тромесечие од 2025 година | Службата на Уставниот суд |

**3.** Промовирање на потребата од уставни измени за воведување на уставна тужба;

| Рок | носители |
|---|---|
| Континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

**4.** Донесување на други интерни акти

- Етички кодекс на вработените и акт за употреба на службено возило

| Рок | носители |
|---|---|
| втората половина на 2025 година | генералниот секретар |

**5.** Одржување на работни состаноци на судиите и состаноци со Службата за усвојување на посебни извештаи за преземање мерки за остварување и заштита на уставноста, законитоста и слободите и правата на човекот и граѓанинот;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и Службата |

**6.** Утврдување начелни мислења за прашања од значење за заштитата на уставноста, законитоста и слободите и правата утврдени во Уставот;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и Службата |

**7.** Изготување на акциски план за примена на обврските од Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, во работењето на Уставнио суд.

| Рок | носители |
|---|---|
| Прва половина на 2026 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и Службата |

## V.2. Ефективно и ефикасно функционирање на Уставниот суд

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

**1.** Програмирање на работата на Судот преку донесување на програма за работа секоја година

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

**2.** Известување за остварување на целите, роковите и задачите утврдени со програмата за работа;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | генералниот секретар |

**3.** Редовно известување (на месечно ниво) за бројот на доделени предмети во текот на месецот на судии-известители, советници на Судот и советници;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | генералниот секретар |

**4.** Редовно известување за бројот на изготвени реферати од страна на советниците на Судот и советниците кои работат на предмети;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| континуирано | Службата на Судот |

**5.** Редовно известување на јавноста за новоформирани предмети;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| континуирано | Советник на Судот за односи со јавноста / Портпарол |

**6.** Почитување на роковите предвидени во Актот на Судот во сите фази на постапката;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| согласно Актот на Судот | судиите и Службата на Судот |

**7.** Утврдување рокови за постапување на Генералниот секретар на Судот при оформување на новите предмети;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| утврден со Заклучок на Судот | претседателот на Уставниот суд и судиите |

**8.** Задолжително цитирање на релевантна пракса на Европскиот суд за човекови права во рефератите од предметите во кои се бара заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| утврден со Актот на Судот | Службата |

**9.** Анализа на квалитетот на одлуките и решенијата на Судот во насока на нивно подобрување;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, Генералниот секретар и Службата |

**10.** Воспоставување електронски систем за уредна, навремена и неселективна поделба на предметите на кој начин ќе биде уреден и начинот на следење и оценување на ефективноста на работењето на Судот, преку

утврдување на систем на контрола врз предметите врз основа на кој ќе се има увид во секоја фаза од постапувањето по предметот;

| Рок | носители |
|---|---|
| Прва половина од 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар, советникот за ИТ |

**11.** Следење на квалитетот на работењето на Службата преку редовното оценување врз основа на месечно поднесените извештаи за извршени работи;

| Рок | Носители |
|---|---|
| континуирано | генералниот секретар на Судот, Комисијата за организициони и кадровски прашања |

**V.3. Зајакнување на капациетот на Службата**

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

**1.** Пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација и организација на работните места

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано во периодот од 2025 до 2027 година | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

**2.** Изменување и дополнување на Правилникот за систематизацијата на работните места во Службата со предвидување на нова организациона единица – Одделение за човечки ресурси односно пополнување на работното место – советник за вработување, унапредување, мобилност и стручно усовршување и ново работно место – помлад соработник;

| Рок | носители |
|---|---|
| Прво тромесечие на 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

**3.** Изработка на акт на Судот со определување на групата, подгрупата, категоријата и нивоата, како и шифрите на работните места во Службата со цел да бидат вградени во Каталогот за работни места во јавниот сектор;

| Рок | носители |
|---|---|
| Јануари 2025 година | Службата |

**4.** Анализа на постојната поставеност и организација на Службата

| Рок | носители |
|---|---|
| Континуирано | генералниот секретар |

**5.** Внатрешна анкета на вработените за нивно стручно усовршување и обука;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | Службата на Судот |

**6.** Изработка на Годишна програма за обука и стручно усовршување на Службата на Судот;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | Службата |

**7.** Одржување на стручни советувања, семинари за стручно усовршување на вработените;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | генералниот секретар |

**8.** Аплицирање преку инструментот TAIEX за овозможување на експертска поддршка на вработените;

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | генералниот секретар |

**9.** Воведување и одржување на курсеви по англиски, француски или германски јазик;

| Рок | носители |
|---|---|
| Континуирано | генералниот секретар |

**10.** Воспоставување на соработка со Европскиот суд за човекови права за остварување на студиски престој на вработените;

| Рок | носители |
|---|---|
| Континуирано | генералниот секретар |

**11**. Студиски посети, летни школи, форуми во странство;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Континуирано | генералниот секретар |

**12.** Пристап до домашни и странски електронски бази, службени весници и правна литература;

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Континуирано | генералниот секретар |

## V.4. Унапредување на транспарентноста и отвореноста на Судот

### а) Планирани активности за комуникација

Активностите за спроведување на стратешкото комуницирање се врамени во Акцискиот план којшто е опфатен втората програма на управување со комуникациите. Тие може да бидат поделени во категории согласно начинот на којшто пораките ќе бидат дистрибуирани во јавноста.

### 1. Пишани техники на комуникација со јавноста:

- соопштенија
- одговор за медиуми
- пишани интервјуа
- објава на постови (информативни содржини на официјалната Фејсбук страница на Судот)
- мејл комуникација
- управување со веб-страницата

### 2. Говорни техники на комуникација со јавноста

- Прес конференции
- изјави за медиуми
- интервјуа
- видео обраќања
- видео постови на официјалната Фејсбук страница на Уставниот суд
- брифинг за новинари
- видео и аудио кампањи на Судот
- кампањи

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите и Портпаролот на Судот |

**б) Документи кои ќе произлезат од комуникациската стратегија**

Согласно планираните активности од втората програма за комуникација на Уставниот суд, во Стратешкиот план е предвидено да произлезат неколку документи. Досега склучени се два Меморандуми за соработка на Уставниот суд, еден со Уставниот суд на Република Бугарија и вториот со Мисијата на ОБСЕ во Скопје (Меморандум за разбирање). Во следниот период Судот ќе ги усвои:

**1.** Меморандуми за соработка со други институции-организации

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и портпаролот на Судот |

**2.** Протокол за управување со внатрешните комуникации на Судот

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| прва половина на 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и портпаролот на Судот |

**3.** Протокол за управување со информациите кон јавноста

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| прва половина на 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, Генералниот секретар и портпаролот на Судот |

**4.** Протокол за управување со официјалните канали за информирање на Уставниот суд

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| прва половина на 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и портпаролот на Судот |

**5.** Протокол за кризно комуницирање

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| прва половина на 2025 година | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и портпаролот на Судот |

Сите овие документи ќе содржат конкретни напатствија за унапредување на односите како и соодветни активности коишто ќе бидат спроведени во тековниот период.

Комуникациската стратегија на Судот во делот на управување со комуникациите и утврдување на протоколите за комуницирање може да подлежи на дополнувања во текот на нејзиното спроведување, со оглед на потребите за унапредувања во одредени аспекти на комуникацијата на Уставниот суд.

**в) Отворање на медиумски центар во Уставниот суд**

**1.** Опремување на медиумски центар со:

- 3 (три) лаптопи
- рефлектори
- екран за читање
- нова табла/пано со новото лого на Судот
- камера и опрема за медиумско снимање
- оспособување на постоечкиот систем за снимање и говорење за прес-конференции
- набавка на две (2) кутии за микрофони

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| до јуни 2025 година | Генералниот секретар/Советникот на Судот за ИТ/ Портпаролот на Судот |

**2.** Изработка и печатење на Устав, Акт на Судот, Брошури и информативни книги за јавноста

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| до првото тромесичие на 2026 година | Генералниот секретар/Советникот на Судот за ИТ/ Портпарол на Судот |

**V.5. Домашна и меѓународна соработка и афирмација на Уставниот суд во меѓународни рамки**

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

**1.** Склучување меморандуми за соработка со правните факултети на универитетите во нашата држава, Здруженијата на правници, други академии и здруженија

| Рок | носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите и генералниот секретар |

2. Редовно учество на меѓународни мултилатерални конференции организирани од: Светската конференција за уставна правда, Конференцијата за Европските уставни судови, Асоцијацијата на уставните судови што ја споделуваат употребата на францускиот јазик, и на настани организирани од: Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Совет на Европа, Фондацијата „Конрад Аденауер“ и др.

| Рок | Носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и Службата |

3. Воспоставување на билатерална соработка со други уставни судови од регионот

| Рок | Носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и Службата |

**V.6. Функционална и финансиска независност на Уставниот суд**

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

1. Оценка на потребите и барање за зголемување на Буџетот на Уставниот суд

| Рок | Носители |
|---|---|
| континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар |

2. Пополнување на работните места во организационата единица – Одделение за внатрешна ревизија

| Рок | Носители |
|---|---|
| 12 месеци | претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар |

**2.** Унапредување на процесот на реализација на буџетските расходи преку доставување на месечни извештаи за нивна реализација

| **Рок** | **Носители** |
|---|---|
| континуирано | Генералниот секретар |

**3.** Набавка на нов софтвер за сметководство и магацинско работење

| **Рок** | **Носители** |
|---|---|
| 24 месеци | Генералниот секретар |

**4.** Учество на редовни обуки од областа на сметководството, јавните набавки и ревизијата

| **Рок** | **Носители** |
|---|---|
| континуирано | Службата – Одделение за финансиско работење |

**5.** Анализа на потребата за воспоставување на механизми согласно законските прописи од областа на внатрешната финансиска контрола

| **Рок** | **Носители** |
|---|---|
| 12 месеци | Генералниот секретар |

**V.7. Подобрување на условите за работа во Судот**

Активности кои треба да бидат преземени за остварување на оваа стратешка цел се:

**1.** Опрема за тонско и видео снимање на седниците на Судот

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Јануари 2026 година | Генералниот секретар |

**2.** Опремување со компјутерска опрема за судиите во Салата за одржување седниците на Судот

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Јануари 2026 година | Генералниот секретар |

**3.** Опрема на салата за седници на Судот со столици со масички на механизми за спуштање и дигање

| Рок | носители |
|---|---|
| Втора половина на 2026 година | Генералниот секретар |

4. Набавка на тоги за судиите

| Рок | Носители |
|---|---|
| Првото тромесечие на 2025 година | Генералниот секретар |

5. Подобрување на условите во Библиотеката на Судот и набавка на нови полици за книги

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2027 година | Генералниот секретар |

6. Подобрување и збогатување на книжевниот и литературен фонд

| Рок | Носители |
|---|---|
| континуирано | Претседател, судии, генерелен секретар и Службата |

7. Набавка на нови возила за потребите на Судот

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2027 година | Генералниот секретар |

8. Набавка на анатомски канцелариски столици и/или претапацирување на постоечките фотелји и канцелариски столици

| Рок | Носители |
|---|---|
| Втората половина на 2025 година | Генералниот секретар |

9. Молерисување на просториите во Судот

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2026 година | Генералниот секретар |

10. Набавка на нов софтвер за интегрирано работење

| Рок | Носители |
|---|---|
| Јануари 2026 година | Генералниот секретар / Советникот на Судот за ИТ |

**11.** Подобрување на постоечката веб-страна или дизајнирање на нова веб-страна

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| 6 месеци | Генералниот секретар/Советникот на Судот за ИТ |

**12.** Одржување и безбедност на информатичката опрема и постоечките апликациите во Лотус Нотес системот

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Континуирано | Генералниот секретар на Судот/ Советникот на Судот за ИТ |

**13.** Стручна и техничка поддршка на вработените при работа со ИТ опремата

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Континуирано | Генералниот секретар на Судот/ Советникот на Судот за ИТ |

**14.** Набавка на нови 10 персонални десктоп компјутери

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Првата половина на 2025 година | Генералниот секретар на Судот/ Советникот на Судот за ИТ |

За одредени активности средствата ќе бидат обезбедени преку инструментот ИПА III Проект за техничка помош „Засилена дигитализација на државните институции во областа на правосудството и борбата со корупцијата“.

**V.8. Унапредување на соодветната и правична застапеност на сите заедници во рамките на Службата**

- Преземање на активности за вработување во Службата согласно Годишниот план за вработување со цел почитување на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници.

| **Рок** | **носители** |
|---|---|
| Континуирано | претседателот на Уставниот суд, судиите, Генералниот секретар |

## VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Потребните финансиски средства за реализација за активностите за кои е потребно ангажирање на паричнии средства ќе бидат обезбедени од Разделот на Уставниот суд кој е дел од Буџетот на Република Северна Македонија за секоја година. Притоа, во рамките на буџетското барање на Судот кое се изготвува секоја година, ќе биде содржан потребниот износ за реализација на соодветната активност.

Подолу во табелата е даден преглед на потребните средства (со вклучен ддв).

| Активност | Средства |
|---|---|
| Набавка на нов софтвер за сметководство и магацинско работење | 1.500.000 денари |
| Набавка на електронски систем за уредна, навремена и неселективна поделба на предметите | 2.000.000 денари |
| Набавка на компјутерска опрема за салата за седници на Судот | 700.000 денари |
| Опремување на салата за седници со столици со масички | 15.000 денари парче |
| Набавка на тоги за судиите | 250.000 денари |
| Подобрување на условите во Библиотеката на Судот (набавка на нови полици за книги) | 100.000,00 денари |
| Набавка на нови возила за потребите на Судот | 2.500.000,00 денари/по возило |
| Молерисување на просториите во Судот | до 100.000,00 денари |
| Подобрување на постоечката веб-страна или дизајнирање на нова веб-страна | До 60.000,00 денари |
| Набавка на нов софтвер за интегрирано работење | * износот треба дополнително да се утврди врз основа на процена на потребите од ИТ експерт |
| Одржување и безбедност на информатичката опрема и постоечките апликациите во Лотус Нотес системот | месечно околу 42.480,00 денари согласно постојниот договор за јавна набавка |
| Набвка на нови 10 десктоп компјутери за Службата | 600.000 денари |
| Опремување на медиумски центар<br>- 3 (три) лаптопи<br>- рефлектори<br>- екран за читање<br>- нова табла/пано со новото лого на Судот<br>- камера и опрема за медиумско снимање<br>- оспособување на постоечкиот систем за снимање и говорење за прес-конференции<br>- набавка на две (2) кутии за микрофони | 1.000.000,00 денари |
| Набавка на канцелариски столици и / или претапацирање на постоечките фотелји | 6.000 денари – една канц.столица<br>5.000 денари – претапацирување на една фотелја |
| Курсеви по англиски, француски или германски јазик | 25.000 денари по вработен годишно |
| Пристап до домашни и странски електронски бази, службени весници и правна литература | 400.000 денари |

* Сумите предвидени во Прегледот на средствата за реализација на активностите се дадени во релативна вредност, а крајната сума ќе зависи од цените во времето на реализацијата на конкретните активности.

За одредени активности средствата ќе бидат обезбедени преку инструментот на ЕУ - ИПА „Зајакнување на капацитетите на Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на усвоените нормативни акти и заштита на основните права“.

## VII. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Остварување на целите и активностите предвидени со овој стратешки план подразбира систематско и редовно следење на напредокот во реализацијата на стратешките цели и приоритети и нивно постигнување, со можност за редефинирање на поставените цели, програми и активности.

За континуирано следење на импементацијата на стратешкиот план ќе се задолжи Генералниот секретар на Судот со обврска да поднесе годишен извештај за спроведување на стратешкиот план кој ќе се изработува во првиот квартал од секоја година за претходната година и ќе претставува основа за планирањето на годишните ревизии на стратешкиот план.

Су.бр. 827/24
08.07.2024 година

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р Дарко Костадиновски